СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, телекс 51140 СБАНК МБ, SWIFT CODE: STOB MK 2X,
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk

# ПРИРАЧНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГАТА НАДОПОЛНУВАЊЕ НА ВАУЧЕР ЗА МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН НА БАНКОМАТ

Услугата за надополнување на ваучер за мобилен преку банкоматите на Стопанска банка АД – Скопје е брза и едноставна и е достапна за сите картички од брендовите Visa и MasterCard 24 часа во денот.

Трансакцијата за купување на ваучер е идентична на обична трансакција во трговија односно нема дополнителни трошоци или провизии. Затоа за надополнување на ваучер можете да ги користите и дебитните и кредитните картички.

Во продолжение е краток опис на трансакцијата на типичен банкомат на Стопанска банка:

Откако ќе го внесете вашиот ПИН код одберете од менито „ДРУГИ УСЛУГИ“ по што ќе ви се појави овој екран:




Од екранот за други услуги изберете ја опцијата „ВАУЧЕР ЗА МОБИЛЕН“ по што ќе ви се појави екран за избирање на мобилен оператор.




Одберете го операторот со притискање на копчето веднаш до логото на операторот.

**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**
**членка на NBG групацијата**

**Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија**
**тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, телекс 51140 СБАНК МБ, SWIFT CODE: STOB MK 2X,**
**e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk**




Откако ќе го изберете операторот следете ги упатствата. Притиснете продолжи за да изберете вредност на ваучерот.




Изберете го износот на ваучерот од предложените вредности на екранот за да продолжите понатаму. Вредноста на ваучерите е со вклучен 18% ДДВ.




Откако ќе ја изберете вредноста на ваучерот потребно е да го внесете бројот на prepaid телефонот кој сакате да го дополните. Откако ќе бидете сигурни дека го внесовте точниот број притиснете ПОТВРДИ

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
Стопанска банка АД - Скопје, 11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Македонија
тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, телекс 51140 СБАНК МБ, SWIFT CODE: STOB MK 2X,
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk




Последниот чекор е за проверка на внесените податоци – број на телефон и вредност на ваучер.
Со потврдување на овие информации вие сте набавиле вредносен ваучер по што мобилниот оператор ќе ви испрати СМС за потврда на набавката а од Банкоматот ќе добиете писмена потврда за трансакцијата заедно со картичката.




По финализирање на трансакцијата не заборавајте да си ја земете картичката и потврдата за успешното надополнување на сметката за мобилен телефон.